Сиг. 0802

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

Примено: 20.06.2008

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 07 | 3670 | 1 | – |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по јазик и култура на Власите за V одделение на деветгодишното основно училиште.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА ВЛАСИТЕ

V ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот / ученичката :

- да се оспособува да чита со разбирање различни текстови;
- да умее писмено да се изразува во различни форми (текст за : честитка, покан, писмо ....);
- да користи граматички и правописни правила при говорењето, читањето и пишувањето;
- да го збогатува речникот со нови зборови ;
- да се поттикнува да учествува во разговор и да умее да искажува свое мислење, доживување, чувства и факти;
- да развива чувство на припадност кон својата култура и почит кон другите култури;
- да се поттикнува да ги проширува знаењата за народната и уметничката литература на Власите.

## 2.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Слушање, говорење, читање и пишување | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да разбира куси содржини на влашки јазик;<br>- да учествува во едноставна конверзација;<br>- да го открие и објасни хронолошкиот ред настаните, во краток расказ , дијалог и сл.;<br>- да умее да поставува и одговара на прашања за позната тема (здрава исхрана, слободно време и др.);<br>- да знае да користи изрази за културно однесување кон други лица;<br>- да се оспособи течно и разбирливо да говори<br>- да се оспособува да чита течно текстови со соодветна интонација и акцент;<br>-да изградува сопствени стратегии за читање со разбирање<br>- да се оспособува да пишува детални лични информации;<br>- да се поттикнува да пишува кратки состави за секојдневните активности, | Актуелни теми за училиштето, семејството и оопкружувањето<br>Mini la sculii. La baba shi paplu-oaspi.<br>Oaspits/sots-profil<br>- Мојата околина<br>Primnare pit Machedonia<br>- Слободно време<br>Unã stãmãnã Ohrda- La balti<br>- Појави во природата<br>- Здрава исхрана<br>Amea vrutã macari- receptã<br>Изрази за:<br>-барање/давање информации за времето и временските услови<br>Cãt fatsi? Cãt tsãni?<br><br>- нарачка во ресторан<br>Nji-u foami/seati<br>Imate li slobodna masa?<br>Putest s-nji-adutsets…<br><br>-допаѓање/<br>Bunã easti, ãnji ljea hari !<br>недопаѓање<br>Uii, tsi cirucã easti ! | - Пошироко семејство, soi, cusurinj наставни предмети,<br>распоред на часовите, училишни активности.<br>Limba-a mea di dadã easti...<br>Naima multu voi...sport, compiuter<br><br>- Населба, град, село, татковина;<br>Un cãsãbã veclu-mãhãlãlu armãnescu, an-hoarã;<br>Naina m-shat din Macedonija<br>- Пошта, кино, театар и сл.;<br>Post card; Filmu actual;<br>Profil a-rtisticu<br>- Викенд, распуст,(Vacansi Piristera- pi scii, sanji) патувања, превозни средства.<br>-Временски услови (ладно, топло, дожд, снег, магла).<br>Chiro: muhladã, arcureadzã; da | Активности:<br>- разбирање на описи и усно опишување со поврзување слики, слушнат текст и др.);<br>- опишување на активности во училиштето, семејството и др.;<br>- дополнување на реченици по слушнат исказ, дијалог или приказна.<br>-Хронолошко подредување на реченици во текст,<br>-Водење кратки разговори, давање описи, барање/давање на кратки информации, др.;<br>- опишување на појави во природата;<br>- дискусии за здрава исхрана.<br>- Разговори на тема за интересите на учениците и нивните секојдневни активности и др.<br>- Игровни активности за одговарање на прашања за видено, слушнато и доживеано.;<br>- учество во кратки дијалози и драматизации ( во продавница, ресторан, кино ) со користење на изрази за културно однесување и сл.<br>-Читање на дијалози, приказни и раскази за подобрување на интонацијата и акцентот;<br>- читање на дијалози и водење на разговор според тематски слики. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| дејствија и лица од непосредното опкружување;<br>- да пишува порака или да дава одговор (SMS или E-mail), писмо и др.;<br>- да користи правилно јазични средства, правопис и интерпункција;<br>- да се поттикнува на самостојно писмено изразување на влашки јазик. | | ploai/neaua ...<br><br>- Овошје, зеленчук и други прехрамбени продукти, продавница, ресторан;<br>- Моите активности<br>-Io mãirgi- Pitsa-angrãpsiri receptã<br>Imishi shi zarzavati<br>Activitãtsli di unã dzuã | -Поставување прашања и давање одговори;<br>- примање и разбирање на информации содржани во текст, порака и др.;<br>- испраќање на информации, пораки и сл.<br>- Разговори за секојдневните активности во училиштето, семејството и во околината;<br>- пишување детални лични информации во писмо, кратка биографија и др;<br>- пишување на описи на кратки описи на секојдневните активности.<br>-Довршување реченици или текст во порака, писмо...;<br>- пишување пораки до блиски лица и др.;<br>- пишување на дијалози, кратки состави според упатства и сл. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Јазик ( часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **1. Граматика** | | |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да стекне поим за самогласки и согласки и да ги разликуваа;<br>- да го сфати, разликува и правилно да го применув членот, родот и бројот кај именките во усно и писмено изразување;<br>- да усвои поими за описни, присвојни и показни придавки и правилно да ги применува во усно и писмено изразување;<br>- да усвои поим за заменка;<br>- да разликува и употребува глаголи во сегашно и идно време (без дефиниција); | -Самогласки и согласки<br>-Род кај именките;<br>Придавки: описни, присвојни и показни<br>- Заменки - лични заменки<br>- Глаголи | - Самогласки./ Vocali<br>- Согласки/Consoni<br>- Род кај именките; feaminin/masculin/ neutru<br>- Членот кај именките (неодреден и одреден); articul definit shi indefinit<br>- Придавки: описни (analtu, bunlu) присвојни и показни ( amel anostu, avostu)<br>- Заменки; лични заменки; io, tini, noi, nãsi<br>- Глаголи (сегашно (arupi), идно (va sa rupã) време и императив apirã, s-apirã) | - Активности за:<br>- разликување на самогласките од согласките, нивно правилно изговарање и пишување,<br>- говорни активности за разликување на членот, родот и бројот кај именките<br>- правилна примена на членот, родот и бројот кај именките.<br>- Активности за;<br>- разликување на описните, присвојните и показните придавки.<br>- Правилна употреба на описните, присвојните и показните придавки во реченицата.<br>- Разликување на личните од другите зборови и нивна правилна употреба во усниот и писмениот говор.<br>- Вежби за употреба на глаголите во сегашно и идно време ) и императивот (без дефинирање); |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **2. Правопис** | | |
| -да ги усвојува правописните правила за пренесување на дел од зборот од еден ред во друг;<br>- да ги усвојува правописните правила за пишување на сопствените имиња, сложени географски имиња, имиња на институции, адреси, списанија, празници идр. | - Пренесување на дел од зборот од еден ред во друг.<br>- Пишување на голема буква (кај сопствените именки, имиња на институции, адреси, списанија, празници и сл. | - ред<br>- слог<br>- употреба на голема буква | - Активности за пренесување на дел од зборот од еден ред во друг;<br>- правилна примена на правописните правила за пишување на сопствените именки, имиња на институции и споредба со други јазици. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Изразување и творење (часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | 1. **Усно изразување** | | |
| Ученикот/ ученичката:<br>- да се оспособува да прераскажува, самостојно, текстови по даден план;<br>- да се поттикнува раскажува за сопствени доживувања, набљудувања (по даден план);<br>- да опишува настани, случки и ликови;<br>- да известува за актуелни настани и доживувања од екскурзии идр.; | - Прераскажување на текстови со следење на хронологијата на настанот (по даден план)<br>- Раскажување на доживувања, набљуденија (по даден план)<br>- Опишување настани, случки и ликови (по даден план)<br>-Известување за настани и доживувања од екскурзии идр. | - Прераскажување;<br>- раскажување;<br>- опишување;<br>- известување | Вежби за прераскажување на обработени текстови;<br>- вежби за раскажување на доживувања (по даден план);<br>- вежби за опишување на настани, случки и лица (по даден план);<br>- вежби за известување на дадени настани по хронолошки ред ( даден план); |

| | 2. **Писмено изразување** | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособува да прераскажува прочитан текст;<br>- да се оспособува за писмено одговарање на прашања за обработен текст;<br>- да се оспособува за раскажување на доживеан настан;<br>- да се поттикнува за опишување на настани и лица;<br>.<br>- да умее да составува самостојно текстови (писмо до непознато другарче). | Прераскажување на обработен текст со менување на завршетокот на текстот - раскажување по даден почеток;<br>- Писмено одговарање на прашања за обработен текст;<br>- Раскажување на доживеан настан;<br>- Опишување настани и лица (по даден план):<br>Писмо до непознато другарче. | - Прераскажу-вање;<br>- раскажување;<br>- опишување;<br>- известување;<br>- писмо. | Активности за:<br>- прераскажување на обработен текст со менување на завршетокот на текстот;<br>- раскажување по даден почеток;<br>- писмено одговарање на прашања за обработен текст;<br>- раскажување на доживеан настан;<br>- опишување на настани и лица (по даден план):<br>- писмо до непознато другарче. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Култура на Власите | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>- да пројавува интерес за песни од музичкото творештво на Власите;<br>- да го разбира значењето на народните обичаи и обреди на Власите;<br>- да ги проширува знаењата за занаетите и други обележја од животот и културата на Власите. | - Народни песни, инструменти, носии, ора и игри.<br>- Народни обичаи и обреди<br>- Стари занаети и обележја од животот и културата на Власите<br>- | Народни песни, инструменти, ора, носиии игри; Intr ãts Chitatsã tu-arãzboi, portu di cafi dzuu, lira, pi cicior...<br>Народни обичаи и обреди - Ai Yoryi tundiri-a oilor.<br>Стари занаети-cuseari | -Слушање на народни влашки песни.<br>- Запознавање со традиционалните музички инструменти, носии и ора.<br>- Разговор за обичаите и обредите на Власите.<br>- Посета на занаетчиски дуќан.<br>- Разгледување на фотографии со карактеристични елементи од културата на Власите. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот **јазик и култура на Власите** ги опфаќа следните подрачја: **Слушање, говорење, читање и пишување; Јазик (Граматика); Изразување и творење и Култура на Власите.**

При планирањето на наставата во V одделение наставникот/-чката важно е да има предвид дека треба интегрално да се планираат целите, содржините и активностите од сите наставни подрачја во наставната програма за да може да се постигне целовитост во слушањето, говорењето, читањето, изразувањето и творењето на влашки литературан јазик. Исто така, подеднакво треба да внимава во интегралното планирање да не се запостават некои од битни карактеристики на влашкиот јазик што се предвидени со наставната програма. Бидејќи овој наставен предмет во V одделение се изучува со по два час неделно, наставната програма одговара на развојните карактеристики на учениците и предвидениот фонд на часови.

Како што е веќе наведено, секое наставно подрачје интеракциски упатува на системот на наставата по предметот јазик и култура на Власите. Предметните подрачја даваат такви можности според структурата на целите и содржините, па во таа смисла не може да се разработуваат содржини (песни, раскази, народни приказни, басни и сл.), а притоа да не се користат формите на изразување и творење (прераскажување, опишување) или да не се внимава на знаењата за јазикот во изразувањето и творењето). Оваа поврзаност меѓу наставните подрачја по предметот јазик и култура на

Власите е битна карактеристика на наставата, исто како што е и поврзаноста на предметот со содржините од другите предмети, што претставува важен принцип во реализацијата на наставата во основното училиште.

При планирањето на содржините наставникот/-чката треба да се придржува на правилата на постапност и систематичност, така што при разработката на нови содржини да се следи спирална прогресија односно секогаш врз основа на познати содржини да се надградуваат нови при што подеднакво да се развиваат четирите јазични вештини: слушање, говорење, читање и пишување. За да може да се постигне целта на наставата по овој предмет се налага потреба наставникот/чката да планира и да обработува претежно содржини ( текстови, песни, раскази и сл.) на влашки јазик во кои се содржат теми за обичаите и другите карактеристики поврзани со јазикот и културата на влашкиот народ.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови-* 72 часа годишно, 2 час неделно.

- По наставни подрачја се предлага: Слушање, говорење, читање и пишување – 30; Изразување и творење - 18 часа; Јазик (Граматика) - 15 часа; Култура на Власите- 9 часа.

*Наставни средства:*

- учебник избран за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- сликовници, приказни, песни, списанија, енциклопедии, речници и сл.;
- аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот - CD ;
- други извори за учење: Интернет;

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

На почетокот на учебната година наставникот прибира показатели со цел да се запознае со предзнаењата на учениците за влашкиот јазик, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Исто така, треба да воспостави контакт со родителите и да ги запознае со карактеристиките на наставната програма по влашки јазик и начинот на обработката на содржините во наставата и следењето на постигањата на учениците (особено дека во петтото одделение учениците се оценуваат со описна и бројчана оценка во текот на годината, а на крајот на наставната година учениците добиваат свидетелства со бројчани оценки).. Притоа треба да се нагласи дека оценката по овој предмет влијае на општиот успех на ученикот.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* - Во текот на наставата по влашки јазик во петто одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност во кои наставникот ја бележи фактичката состојба;

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* - Врз основа на целокупните податоци од формативното оценување наставникот го опишува развојот на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје од наставната програма по влашки јазик.

*ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО*

- Завршната бројчана оценка се доставува до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци за ученикот се пренесува во наредното, повисоко одделение.

*НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ* - Согласно со природата на програмата по јазик и култура на Власите во петто одделение, може да се применуваат различни методи и техники за *усно и писмено проверување на постигањата на ученикот( говорни вежби,презентации,писмени вежби, и сл. ).*

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и на наставните средства за I до VI одделение донесен од страна на Министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во петто одделение може да ја изведува лице кое добро го говори влашкиот јазик, има сертификат за следена обука и има завршено студии на:

Педагошки факултет -- предметна настава

Филолошки факултет – наставен смер:

Филозофски факултет - група за педагогија

## 7. КОМИСИЈА КОЈА ЈА ПОДГОТВИ НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

-Проф. Д-р. Марија Костова, Филозовски факултет - Скопје
- Марија Николова, Министерство за образование и наука – Скопје
- Султана Штерјова , О.У."Кузман Јосифовски-Питу" – Скопје
- Агапи Чункоска ОУ „Никола Карев" – Крушево
- м-р Таше Стојановски – советник во Бирото за развој на образованието - координатор
- Жанета Чонтева, - психолог УНИЦЕФ

**8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

Наставната програма по јазик и култура на Власите за петто одделение во деветгодишното основно образование ја донесе:

Министер
________________________
Сулејман Рушити

на ден ____________ Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 07-4098/1
22.05. 2008 год.
СКОПЈЕ